USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

USAID PROJECT FOR MEDIA LEGAL REFORM AND RESPONSIBLE MEDIA

ЦЕНТАР за РАЗВОЈ на МЕДИУМИ

# МОНИТОРИНГ НА СУДСКИТЕ СЛУЧАИ ЗА НАВРЕДА И КЛЕВЕТА

СКОПЈЕ, ДЕКЕМВРИ 2014

ПРОГРАМА НА УСАИД ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА НЕЗАВИСНИТЕ МЕДИУМИ ВО МАКЕДОНИЈА,
ПРОЕКТ ЗА ОДГОВОРНИ МЕДИУМИ И ЗАКОНОДАВНИ РЕФОРМИ ВО МЕДИУМСКАТА СФЕРА

Оваа публикација/извештај е подготвен/а од стана на Центарот за развој на медиуми со великодушна поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за Меѓународен Развој (УСАИД). Мислењата изразени во оваа публикација му припаѓаат на Центарот за развој на медиуми и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за Меѓународен Развој или на владата на Соединетите Американски Држави.

# МОНИТОРИНГ НА СУДСКИТЕ СЛУЧАИ ЗА НАВРЕДА И КЛЕВЕТА

**ИЗВЕШТАЈ БР. 4**

(ФЕВРУАРИ 2013 – ДЕКЕМВРИ 2014)

ПОДГОТВИЛ:
М-Р ВЛАДИМИР МЕДАРСКИ

СКОПЈЕ, ДЕКЕМВРИ 2014

# ВОВЕД

Центарот за развој на медиуми, во рамките на програмата на УСАИД за зајакнување на независните медиуми во Република Македонија и Проектот за одговорни медиуми и законодавни реформи во медиумската сфера, во периодот од февруари 2013, до декември 2014-та година, постојано ги набљудува судските постапки, поведени според Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, пред Основниот суд Скопје 2 Скопје.

Со донесувањето на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, во ноември 2012-та година, клеветата и навредата се декриминализираа, односно се префрлени од кривична во граѓанска постапка. Медиумската и експертската јавност ја поздравија декриминализацијата на навредата и клеветата, но притоа, истакнаа дека ова законско решение има бројни слабости кои можат негативно да влијаат врз слободата на изразување, како и да поттикнат самоцензура. Центарот за развој на медиуми, во 2012-та година, направи и „Анализа на Предлог-законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета“, во која укажа на определени слабости на предложеното законско решение. Откако Законот беше донесен, заедно со Фронтот за слобода на изразување, ЦРМ во април 2013-та, достави и Иницијатива до Уставниот суд на Република Македонија, за поведување постапка за утврдување на уставноста на определени законски одредби. Уставниот Суд сѐ уште се нема изјаснето за оваа иницијатива, иако се поминати повеќе од девесет месеци од нејзиното доставување.

Имајќи го предвид фактот дека овој Закон е од исклучително големо значење за слободата на изразување и слободата на медиумите во Република Македонија, како и неизвесноста од ефектите на неговата имплементација, Центарот за развој на медиуми, континуирано ги следи судските случаи за навреда и клевета во кои се вклучени новинари, уредници и медиуми, но и случаите во кои како странки се јавуваат државни функционери.

Покрај директното следење на овие предмети и присуството на одржаните рочишта, ЦРМ во изминатите речиси две години, е во постојан контакт и со Апелациониот суд односно ги следи жалбените постапки за веќе донесените пресуди од Основниот суд.

Овој мониторингот се фокусира на спроведувањето на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, постапувањето на судиите при примената на материјалниот и процесниот закон во судските постапки, примената на

праксата на Европскиот суд за човекови права, на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, како и на другите меѓународни документи и принципи за заштита на слободата на изразување, како и работата на судските служби.

На судските случаи за клевета и навреда во Основниот суд Скопје 2 Скопје работат тројца судии: Јованка Спировска Панева, Весна Калковска и Нухи Рустеми, а во Апелациониот суд Скопје, работи совет кој е составен од судијката Лидија Димчевска, претседателка на Советот, и судиите Станка Зафирова и Енвер Беџети.

# КВАНТИТАТИВЕН ПРЕСЕК

Во изминатите дваесет и еден месец, ЦРМ ги мониторираше судските случаи во кои се вклучени новинари, уредници и медиуми, но исто така, мониторираше и два случаи во кои како странки се јавија исклучиво политичари и функционери од власта.

Во периодот од дваесет и еден месец, Центарот за развој на медиуми, во Основниот суд Скопје 2 Скопје, следеше 73 судски предмети[1], во околу 350 рочишта. Оваа бројка покажува дека судските случаи во просек траат пет рочишта, што воопшто не е мала бројка и зборува за бавноста на судовите кога се работи за судските случаи во кои се инволвирани новинари. Ваквата констатација е поткрепена и со фактот дека случаите во кои беше вклучен премиерот Никола Груевски (против опозициските политичари Зоран Заев и Тито Петковски), беа завршени во најкраток можен рок, односно во едниот случај предметот беше завршен во само едно рочиште, а во другиот случај иако имаше 3 рочишта, истите беа закажувани еден по друг ден.

До затворањето на овој извештај, пред првостепениот суд се завршени 43[2] односно 59% од мониторираните случаи, а пред Апелациониот суд се завршени само 5 случаи односно 11% од вкупниот број предмети со првостепена пресуда:

1. П4 а 69/13 Иван Мирчевски против Ацо Кабранов, Друштво за издаваштво маркетинг и продукција Глинка ДОО Скопје и Зоран Василевски.
2. П4а 144/13 Никола Груевски против Тито Петковски.
3. П4 93/12а Сашо Јакимовски против Снежана Лупевска и Друштво за продукција, маркетинг и услуги Тринити плус продакшн ДООЕЛ Скопје.
4. П4-30/13а Сашо Мијалков против Друштво за новинско издавачка дејност Фокус Прес ДОО Скопје, Јадранка Костова, Владо Апостолов и Игор Илиевски[3].
5. П4-44/13а Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија Топлификација АД Скопје против Роберт Поповски[4].

Пресудите на случаите: П4а 144/13 Никола Груевски против Тито Петковски; П4 93/12а Сашо Јакимовски против Снежана Лупевска и Друштво за продукција, маркетинг и услуги Тринити плус продакшн ДООЕЛ Скопје; П4-30/13а Сашо Мијалков против Друштво за новинско издавачка дејност Фокус Прес ДОО Скопје, Јадранка Костова, Владо Апостолов и Игор Илиевски и П4-44/13а Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија Топлификација АД Скопје против Роберт Поповски, беа анализирани во претходните три извештаи на ЦРМ[5].

Во периодот октомври-декември 2014 правосилна пресуда доби и случајот П4а 69/13 Иван Мирчевски против Ацо Кабранов,

1 Види Анекс1

2 Види Анекс1

3 Во текот на постапката, тужителот го повлече тужбеното барање спрема Фокус Прес ДОО Скопје. Во натамошниот текст овој случај ќе го реферираме како Мијалков – Фокус.

4 Во натамошниот текст овој случај ќе го реферираме како Топлификација –Поповски.

5 http://mdc.org.mk/mk/category/dokumentacionen-centar/внатрешни-документи

Друштво за издаваштво маркетинг и продукција Глинка ДОО Скопје и Зоран Василевски. Судот донесе одлука со која го одби како неосновано тужбеното барање на тужителот.

Бројката од само 5 правосилни пресуди за речиси две години, недвосмислено зборува за бавноста на Апелациониот суд при донесувањето на правосилни пресуди.

Она што, исто така, загрижува е податокот дека дури 12 предмети (16%) се судски случаи на новинари против новинари, уредници и медиуми. Во 7 случаи, Драган Павловиќ-Латас ги тужи за клевета медиумите: Плусинфо, Слободен Печат, Фокус, Либертас и Мактел, како и новинарите: Бранко Героски, Јадранка Костова, Мери Јордановска, Ацо Кабранов и Саше Ивановски. Ивона Талевска, пак поднесе 5 тужби против истите медиуми и новинари, со исклучок на Мактел и на Саше Ивановски.

Од сите 43 завршени предмети пред Основниот суд, кои се дел од мониторингот на Центарот за развој на медиуми, во само 5 случаи е утврдена одговорност за навреда и клевета: П4 57/13а - како тужител се јавува Канал 5 телевизија, а како тужен, Весна Ковачевска Трпчевска; П4 46/13а - како тужител се јавува Ванчо Таковски, а како тужен, Горан Момировски и Канал 5 Телевизија, П4 144/13а каде како тужител се јавува Никола Груевски а како тужен Тито Петковски, П4 742/14 каде како тужител се јавува Никола Груевски а како тужен Зоран Заев и предметот П4 30/13а - како тужител се јавува Сашо Мијалков, а како тужени, весникот Фокус, Јадранка Костова, Владо Апостолов и Игор Илиевски.

# КВАЛИТАТИВЕН ПРЕСЕК

## ФУНКЦИОНЕРИТЕ ЗАШТИТЕНИ – НОВИНАРИТЕ ЗАПЛАШЕНИ

По две години од донесувањето на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, можеме да констатираме дека Апелациониот суд работи бавно кога станува збор за случаите во кои се вклучени новинари и медиуми. Досегашните пресуди не се доволни за сеопфатна и детална анализа за тоа како се применуваат Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, меѓународните конвенции и секако, праксата на судот од Стразбур, но сепак даваат сериозни индиции за присутните трендови на судското постапување.

Како што наведовме и во претходните извештаи, досегашната пракса, но и анализата на донесените правосилни пресуди, покажува дека постои загрижувачки драстична разлика во работењето на судот, кога станува збор за процеси во кои како странки се јавуваат политичари/државни функционери, наспроти случаите во кои нема нивна инволвираност, ниту како тужители, ниту како тужени.

Кога во случаите како една од странките се јавува државен функционер, односно политичар, видливо е дека тие се одвиваат побрзо, односно видлива е тенденцијата за поитно постапување на судот. Исто така, во ваквите случаи примената на Европската конвенција и праксата од Стразбур, која меѓу другото предвидува носителите на јавни функции да имаат поголем праг на толеранција во однос на критиките, е недоследна

и е во насока на целосна заштита на честа и угледот на функционерите, наспроти слободата на изразување. Потврда за ова се случајот Никола Груевски - Тито Петковски, случајот Никола Груевски - Зоран Заев, како и случајот Мијалков - Фокус. Случаите во кои како тужител се јавува Премиерот се одвиваа со исклучителна брзина и сите процесни одлуки беа во корист на тужителот. И случајот Мијалков - Фокус, иако се одвиваше малку позабавено за разлика од случаите во кои е инволвиран премиерот Груевски, заврши со правосилна пресуда во корист на тужителот и со висок надомест на штета за тужените Фокус, Костова, Апостолов и Илиевски.

Во случаите кога нема вклученост на некој државен функционер, може да се констатира дека судиите подоследно ја применуваат праксата на Европскиот суд за човекови права и на Европската конвенција.

Иако, судот главно се придржува до членот 6 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (право на правична судска постапка), тоа не е случај со предметите во кои како странка се јавуваат функционери од актуелната власт. Во овие предмети, функционерите уживаат повластен третман од страна на судот. Како илустрација за ваквото различно постапување на судот може да се земе и фактот што во случаите, Мијалков – Фокус (пресудата е во корист на Мијалков) и Топлификација - Роберт Поповски (пресудата е во корист на Поповски), првостепените одлуки (кои се потврдени од Апелациониот суд) се донесени од страна на ист судија. Од овој факт и од анализата, произлегува дека не се работи за нестручност на судот, туку за друг фактор, кој влијае врз донесувањето одлуки во овие случаи.

Анализата на правосилната пресуда во случајот Мијалков - Фокус, покрај тоа што покажува дека функционерите уживаат повисок степен на заштита за разлика од новинарите и обичните граѓани, покажува и дека судот не го препознава јавниот интерес во определени случаи, дека, наспроти јуриспруденцијата на Судот во Стразбур, не го прифаќа поранешниот амбасадор за релевантен и сериозен извор на информации, а при утврдувањето на надоместоците воопшто не води сметка дека донесувањето на ваква пресуда ќе предизвика „оладувачки ефект“ врз истражувачкото новинарство и врз слободата на изразување воопшто.

Со други зборови, правосилната пресуда во случајот Мијалков - Фокус, покажува дека во Македонија постои исклучително негативна и загрижувачка пракса, судот наместо да ја штити слободата на изразување, дополнително ја загрозува со тоа што, од една страна, ги штити функционерите и власта, а од друга страна, ги казнува новинарите, ги доведува критичките медиуми до работ на нивниот опстанок, и ги засилува стравот и самоцензурата.

Имајќи го предвид ова, ЦРМ смета дека двојните аршини во постапувањето на судиите, целосната неоснована заштита на честа и угледот на функционерите и непочитувањето на Европската конвенција и праксата на судот во Стразбур, сериозно ја загрозуваат слободата на изразување во Македонија, и го наметнуваат прашањето за (не)зависноста и (не)квалитетот на судската власт во државата.

## СУДСКИТЕ ТРОШОЦИ - ЈАМКА ЗА НОВИНАРИТЕ

Декриминализацијата на навредата и клеветата, овозможи постапките пред граѓанскиот суд да бидат пократкотрајни, но не и поекономочни. Во споредба со таксите пред кривичниот суд, таксите за тужба, одлука и жалба, пред граѓанскиот суд се драстично поголеми.

Ова претставува дополнително оптоварување за новинарите, уредниците и медиумите кои и онака се соочени со голем број тужби и високи надоместоци за нематеријална ште-

та. Тие уште пред да поднесат жалба се соочуваат со дилемата што им е поисплатливо, да го платат надоместокот за нематеријална штета и да не се жалат до второстепениот суд или пак, да се жалат и да ризикуваат да изгубат и да имаат огромни трошоци. Нивната дилема ја засилува и фактот дека доколку го изгубат предметот ќе треба да ги платат своите, но и трошоците на тужителот.

## ПОДОБРА ДОСТАВА – ПОЛОША ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦАТА

Како што наведовме и во претходните извештаи[6], одредени судски служби не ги извршуваат своите задачи во целост и со тоа негативно влијаат врз самите судски постапки.

И покрај укажувањата на ЦРМ дека административно - техничката служба и канцеларијата за односи со јавност, нередовно ја ажурираат интернет страницата на судот, односно нередовно ги ажурираат информациите како што се објавувањето на донесените решенија и пресуди, и закажаните судски рочишта, особено за рочиштата за објава на пресудите. Овој проблем не само што не се надминува, туку, тој станува и поголем затоа што во овој момент интернет страницата на судот, во однос на закажаните рочишта е многу понејасна и непрегледна за разлика од претходниот период.

Извесно подобрување можеме да констатираме кај доставната служба бидејќи во овој период на мониторинг, многу мал број рочишта беа одложени поради неуредна достава. Поголемата ажурност на судската доставна служба овозможува непречен тек на рочиштата, а воедно се избегнуваат и непотребните трошоци на странките, како што се на пример, трошоците за добивање податоци од Министерството за внатрешни работи, за точната адреса на живеење на тужените, или пак, трошоците за извршување на достава преку нотари и извршители.

Во однос на условите за работа и соодветното водење на постапките, може да се заклучи дека судот, за разлика од порано, обезбеди, во дел од судниците, технички услови за тонско снимање на расправите и прегледување на ЦД- снимките, кои се предложени како доказ од страна на странките во постапката.

6 Владимир Медарски, Мониторинг на судските случаи за навреда и клевета- Извештај бр. 2 (1 март – 15 јуни 2014). Центар за развој на медиуми: Скопје, јули 2014. Достапен на: http://mdc.org.mk/mk/vtor-izvestaj-od-sledenjeto-na-sudenjata-po-tuzbi-za-navreda-i-kleveta-protiv-novinari-i-mediumi и: Исто, Извештај бр. 1 (1 февруари 2013 – 28 февруари 2014), Центар за развој на медиуми: Скопје, март 2014. Достапен на: http://mdc.org.mk/wp-content/uploads/2014/04/Monitoring-na-sudskite-slucai-na-navreda-i-kleveta.pdf

АНЕКС 1

# МОНИТОРИРАНИ СУДСКИ ПРЕДМЕТИ

| Бр. | Предмет | Судија | Странки во спорот |
|---|---|---|---|
| 1. | П4а 35/13 | Весна Калковска | Канал 5 *против*<br>Бранко Ѓеровски и здружение на граѓани член16 |
| 2. | П4а 39/13 | Весна Калковска | Стојанче Ангелов *против*<br>Драган Павловиќ Латас |
| 3. | П4 38/13а | Весна Калковска | Ѓорѓи Тренковски *против*<br>Кристина Мачкиќ |
| 4. | П4 45/13а | Весна Калковска | Топлификација *против*<br>Ивона Талевска |
| 5. | П4 60/13а | Весна Калковска | Фонд за здраствено осигурување *против*<br>Јадранка Костова |
| 6. | П4 85/13а | Весна Калковска | Анита Бегова *против*<br>Јадранка Костова |
| 7. | П4 100/13а | Весна Калковска | Дејан Шепелиќ, Тони Наумов и Кредит нет ДООЕЛ *против*<br>Снежана Лупевска и Канал 5 ТВ |
| 8. | П4 91/13а | Весна Калковска | Бранко Ѓеровски и 14 други *против*<br>Бобан Богдановски Андревски |
| 9. | П4 108/13а | Весна Калковска | Граѓани за европска Македонија *против*<br>Александар Бичиклиски |
| 10. | П4 77/13а | Весна Калковска | Драган Павловиќ Латас *против*<br>Саше Димовски |
| 11. | П4 136/13а | Весна Калковска | Игор Серафимофски *против*<br>Љубиша Арсиќ |
| 12. | П4 143/13а | Весна Калковска | ГАМА АД Скопје *против*<br>Портал Фактор |
| 13. | П4 137/13а | Весна Калковска | СИВУС и МАКФАКС *против*<br>Ристо Поповски, Ѕвездан Ѓеоргиевски и<br>Глобус Медиа Систем |
| 14. | П4 113/13а | Весна Калковска | Благица Максимовска *против*<br>Саше димовски и Јадранка Костова |
| 15. | П4 69/13а | Весна Калковска | Иван Мирчевски *против*<br>Ацо Кабранов, Глинка и Зоран Василевски |
| 16. | П4 50/13а | Весна Калковска | Милеко Неделковски *против*<br>Предраг Петровиќ и Разме Најдовски |
| 17. | П4 194/13а | Весна Калковска | Предраг Петровиќ *против*<br>Миленко Неделковски |
| 18. | П4/13а | Весна Калковска | Горан Груевски *против*<br>Зоран Божиновски |
| 19. | П4 121/13а | Весна Калковска | Дамјан Мирчевски *против*<br>Љубиша Станкович и Нина НиневскаСтанковска |
| 20. | П4 5/13а | Весна Калковска | Милтон Манаки *против*<br>Друштво за филмски работници, Фокус и<br>Јадранка Костова |

| Бр. | Предмет | Судија | Странки во спорот |
|---|---|---|---|
| 21. | П4 101/13а | Весна Калковска | Крсте Миладинов *против*<br>Вања Битуљану, Билјана Пангова, и Јадранка Костова |
| 22. | П4 229/13а | Весна Калковска | Едмонд Карлиу *против*<br>Дејан Николовски и НЕТПРЕС |
| 23. | П4 742/14 | Весна Калковска | Никола Груевски *против*<br>Зоран Заев |
| 24. | П4 733/14 | Весна Калковска | Драган Павловиќ Латас *против*<br>Фокус, Јадранка Костова и Мери Младеновска |
| 25. | П4 681/14 | Весна Калковска | Драган Павловиќ Латас *против*<br>Бранко Геровски, СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје и<br>Мими П. Шушлеска |
| 26. | П5 12/14 | Весна Калковска | Срѓан Керим *против*<br>Ацо Кабранов |
| 27. | П4 688/14 | Весна Калковска | Ивона Талевска*против*<br>Пролиберти и Ацо Кабранов |
| 28. | П4 47/13а | Јованка С. Панева | Срѓан Керим *против*<br>Јадранка Костовска и Фокус |
| 29. | П4 59/13а | Јованка С. Панева | ИВЗ *против*<br>Атанас Кировски |
| 30. | П4 76/13а | Јованка С. Панева | Општина Аеродром *против*<br>Бранко Ѓеровски, Александар Тодоровски, Гордана<br>Милошевска Вењановска и Плус Продукција |
| 31. | П4 62/13а | Јованка С. Панева | Марјан Начевски *против*<br>Горан Михајловски, Тони Апостолски и Љупчо Поповски и<br>Лидија Богатинова |
| 32. | П4 115/13а | Јованка С. Панева | Стојанче Ангелов *против*<br>Драган Павловиќ Латас, Сител ТВ и Иван К. |
| 33. | П4 119/13а | Јованка С. Панева | Иван Мирчевски *против*<br>Бранко Ѓеровски |
| 34. | П4 46/13а | Јованка С. Панева | Ванчо Таковски *против*<br>Горан Момировски и Канал 5 ТВ |
| 35. | П4 30/13а | Јованка С. Панева | Сашо Мијалков *против*<br>Фокус, Јадранка Костова, Владо Апостолов и<br>Игор Илиевски |
| 36. | П4-93/13а | Јованка С. Панева | Сашо Јоксимовски *против*<br>Снежана Лупевска |
| 37. | П4 34/13а | Јованка С. Панева | Бојо Андреевски *против*<br>Јадранка Костова |
| 38. | П4 89/13а | Јованка С. Панева | Драган Павловиќ Латас *против*<br>Горан Митревски |
| 39. | П4 81/13а | Јованка С. Панева | Мелита Ракичевиќ *против*<br>Горан Михајловски и Милица Џаровска |
| 40. | П4 44/13а | Јованка С. Панева | Топлификација *против*<br>Роберт Поповски |
| 41. | П4 103/13а | Јованка С. Панева | Шукрете Белули Салиху *против*<br>Насер Пајазити |
| 42. | П4 99/13а | Јованка С. Панева | Миленко Неделковски *против*<br>Билјана Секуловска и Жарко Трајановски |
| 43. | П4 90/13а | Јованка С. Панева | ГЕМ (Бранислав Геровски, Никола Гелевски, Роберто<br>Беличанец, Жарко Трајановски и Владимир Милчин)<br>*против* Зоран Ставревски |

| Бр. | Предмет | Судија | Странки во спорот |
|---|---|---|---|
| 44. | П4 57/13а | Јованка С. Панева | Канал 5 Телевизија *против*<br>Весна Ковачевска Трпчевска |
| 45. | П4 69/13а | Јованка С. Панева | Иван Мирчевски *против*<br>Ацо Кабранов и Зоран Василевски |
| 46. | П4 71/13а | Јованка С. Панева | Кираца Трајковска *против*<br>Горан Момировски |
| 47. | П4 183/13а | Јованка С. Панева | Станка Кировска *против*<br>Жаклина Цветковска |
| 48. | П4 152/13а | Јованка С. Панева | Славчо Деспотов *против*<br>Бранко Ѓеровски |
| 49. | П4 333/14 | Јованка С. Панева | Сергеј Самсоненко *против*<br>Плус медија спорт, Никола Ѓуровски, Стеван Цаневски и Владимир Булатовски |
| 50. | П4 734/14 | Јованка С. Панева | Ивона Талевска *против*<br>Фокус и Јадранка Костова |
| 51. | П4 695/14 | Јованка С. Панева | Драган Павловиќ Латас *против*<br>Саше Ивановски |
| 52. | П4 283/14 | Јованка С. Панева | Владимир Талевски *против*<br>МПМ, Соња Крамарска, Весна Ковсчевска и Васко Блажевски |
| 53. | П4 672/14 | Јованка С. Панева | Драган Павловиќ Латас *против*<br>Петре Шилегов |
| 54. | П4 436/14 | Јованка С. Панева | Драган Павловиќ Латас *против*<br>Саше Политико и Мактел |
| 55. | П4 738/14 | Јованка С. Панева | Ивона Талевска *против*<br>Фокус, Јадранка Костова и Мери Јордановска |
| 56. | П4 671/14 | Јованка С. Панева | Ивона Талевска *против*<br>Член 16 и Бранко Геровски |
| 57. | П4-4/13А | Нухи Рустеми | Дамјан Димовски *против*<br>Игор Крстевски |
| 58. | П4а 125/13 | Нухи Рустеми | Ганка СамоиловаЦветановска *против*<br>Соња Крамарска и Валентина Тодоровска |
| 59. | П4 48/13а | Нухи Рустеми | Зоран Стефановски *против*<br>Драган Павловиќ Латас |
| 60. | П4а 139/13 | Нухи Рустеми | Васил Пишев *против*<br>Зоран Андоновски и Искра Опетческа |
| 61. | П4а 133/13 | Нухи Рустеми | Петар Арсовски *против*<br>Миленко Неделковски |
| 62. | П4 58/13а | Нухи Рустеми | Трд Канал 5 *против*<br>Скај Мк и Јован Соколевски |
| 63. | П4 80/13а | Нухи Рустеми | Ѓорѓи Вуков *против*<br>Валентина Стојанческа |
| 64. | П4 126/13а | Нухи Рустеми | Благојка Ристеска *против*<br>Сашо Колоканов |
| 65. | П4 98/13а | Нухи Рустеми | Микена Горенца *против*<br>Мухамед Зекири и Алсат ТВ |
| 66. | П4 145/13а | Нухи Рустеми | Сулејман Реџепи *против*<br>Мухамет Зекири и Алсат ТВ |
| 67. | П4 266/13а | Нухи Рустеми | Драган Павлович Латас *против*<br>Саше Ивановски |
| 68. | П4 673/14 | Нухи Рустеми | Драган Павловиќ Латас *против*<br>Пролиберти и Ацо Кабранов |

| Бр. | Предмет | Судија | Странки во спорот |
|---|---|---|---|
| 69. | П4 282/14 | Нухи Рустеми | Драган Павловиќ Латас *против*<br>Пролиберти и Ацо Кабранов |
| 70. | П4 952/14 | Нухи Рустеми | Елза Јанева *против*<br>Пролиберти и Ацо Кабранов |
| 71. | П4 217/13а | Нухи Рустеми | Адем Карага и Ваљон Адеми *против*<br>АТМ медиа и Исен Салиу |
| 72. | П4 273/13а | Нухи Рустеми | Албански Театар *против*<br>АТВ Медиа, Исен Салиу и Анила Лимани |
| 73. | П4 669/14 | Нухи Рустеми | Ивона Талевска *против*<br>Бранко Геровски, СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје,<br>Мими П. Шушлеска |

ТАБЕЛА 2:

# ЗАВРШЕНИ ПРЕДМЕТИ ПРЕД ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 2 СКОПЈЕ

| Бр. | Предмет | Судија | Странки во спорот |
|---|---|---|---|
| 1. | П4а 35/13 | Весна Калковска | Канал 5 *против*<br>Бранко Ѓеровски и здружение на граѓани член16 |
| 2. | П4а 39/13 | Весна Калковска | Стојанче Ангелов *против*<br>Драган Павловиќ Латас |
| 3. | П4 38/13а | Весна Калковска | Ѓорѓи Тренковски *против*<br>Кристина Мачкиќ |
| 4. | П4 45/13а | Весна Калковска | Топлификација АД Скопје *против*<br>Ивона Талевска |
| 5. | П4 60/13а | Весна Калковска | Фонд за здраствено осигурување *против*<br>Јадранка Костова |
| 6. | П4 100/13а | Весна Калковска | Дејан Шепелиќ, Тони Наумов и Кредит нет ДООЕЛ *против*<br>Снежана Лупевска и Канал 5 ТВ |
| 7. | П4 77/13а | Весна Калковска | Драган Павловиќ Латас *против*<br>Саше Димовски |
| 8. | П4 136/13а | Весна Калковска | Игор Серафимофски *против*<br>Љубиша Арсиќ |
| 9. | П4 143/13а | Весна Калковска | ГАМА АД Скопје *против*<br>Портал фактор |
| 10. | П4 137/13а | Весна Калковска | СИВУС и МАКФАКС *против*<br>Ристо Поповски, Ѕвездан Ѓеоргиевски и<br>Глобус Медиа Систем |
| 11. | П4 113/13а | Весна Калковска | Благица Максимовска *против*<br>Саше Димовски и Јадранка Костова |
| 12. | П4 69/13а | Весна Калковска | Иван Мирчевски *против*<br>Ацо Кабранов, Глинка и Зоран Василевски |
| 13. | П4 /13а | Весна Калковска | Горан Груевски *против*<br>Зоран Божиновски |
| 14. | П4 5/13а | Весна Калковска | Милтон Манаки *против*<br>Друштво за филмски работници и Фокус |

| Бр. | Предмет | Судија | Странки во спорот |
|---|---|---|---|
| 15. | П4 101/13а | Весна Калковска | Крсте Миладинов *против* Вања Битуљану, Билјана Пангова и Јадранка Костова |
| 16. | П4 85/13а | Весна Калковска | Анита Бегова *против* Јадранка Костова |
| 17. | П4 91/43а | Весна Калковска | Бранко Ѓеровски и 14 други *против* Бобан Богданоски Андревски |
| 18. | П4 742/14 | Весна Калковска | Никола Груевски *против* Зоран Заев |
| 19. | П4 47/13а | Јованка С. Панева | Срѓан Керим *против* Јадранка Костовска и Фокус |
| 20. | П4 59/13а | Јованка С. Панева | ИВЗ *против* Атанас Кировски |
| 21. | П4 76/13а | Јованка С. Панева | Општина Аеродром *против* Бранко Ѓеровски, Александар Тодоровски, Гордана Милошевска Вењановска и Плус Продукција |
| 22. | П4 62/3а | Јованка С. Панева | Марјан Начевски *против* Горан Михајловски, Тони Апостолски , Љупчо Поповски и Лидија Богатинова |
| 23. | П4 115/13а | Јованка С. Панева | Стојанче Ангелов *против* Драган Павловиќ Латас и Сител ТВ |
| 24. | П4 119/13а | Јованка С. Панева | Иван Мирчевски *против* Бранко Ѓеровски |
| 25. | П4 46/13а | Јованка С. Панева | Ванчо Таковски *против* Горан Момировски и Канал 5 ТВ |
| 26. | П4 30/13а | Јованка С. Панева | Сашо Мијалков *против* Фокус, Јадранка Костова, Владо Постолов и Игор Илиевски. |
| 27. | П4-93/13а | Јованка С. Панева | Сашо Јоксимовски *против* Снежана Лупевска |
| 28. | П4 34/13а | Јованка С. Панева | Бојо Андреевски *Против* Јадранка Костова |
| 29. | П4 81/13а | Јованка С. Панева | Мелита Ракичевиќ *против* Горан Михајловски и Милица Џаровска |
| 30. | П4 44/13а | Јованка С. Панева | Топлификација АД Скопје *против* Роберт Поповски |
| 31. | П4 90/13а | Јованка С. Панева | Граѓани за европска Македонија *против* Зоран Ставревски |
| 32. | П4 57/13а | Јованка С. Панева | Канал 5 Телевизија *против* Весна Ковачевска Трпчевска |
| 33. | П4 69/13а | Јованка С. Панева | Иван Мирчевски *против* Ацо Кабранов и Василевски |
| 34. | П4 71/13а | Јованка С.Панева | Кираца Трајковска *против* Горан Момировски |
| 35. | П4 152/13а | Јованка С. Панева | Славчо Деспотов *против* Бранко Ѓеровски |
| 36. | П4а 133/13 | Нухи Рустеми | Петар Арсовски *против* Миленко Неделковски |
| 37. | П4-4/13А | Нухи Рустеми | Дамјан Димовски *против* Игор Крстевски |
| 38. | П4 48/13а | Нухи Рустеми | Зоран Стефановски *против* Драган Павловиќ Латас |

| Бр. | Предмет | Судија | Странки во спорот |
|---|---|---|---|
| 39. | П4а 139/13 | Нухи Рустеми | Васил Пишев *Против*<br>Зоран Андоновски и Искра Опетческа |
| 40. | П4 58/13а | Нухи Рустеми | ТРД Канал 5 *против*<br>Медиафакс Ресен и Јован Соколевски |
| 41. | П4 80/13а | Нухи Рустеми | Ѓорѓи Вуков *против*<br>Валентина Стојанческа |
| 42. | П4 126/13а | Нухи Рустеми | Благојка Ристеска *против*<br>Сашо Колоканов |
| 43. | П4 125/13а | Нухи Рустеми | Сашко Кедев и Ганка Цветанова *против*<br>Соња Крамарска и Валентина Тодоровска |

ТАБЕЛА 3:

# СУДСКИ СЛУЧАИ „НОВИНАРИ ПРОТИВ НОВИНАРИ“

| Бр. | Предмет | Судија | Странки во спорот |
|---|---|---|---|
| 1. | П4 734/14 | Јованка С.Панева | Ивона Талевска *против*<br>Фокус, Јадранка Костова и Мери Јордановска |
| 2. | П4 695/14 | Јованка С.Панева | Драган Павловиќ Латас *против*<br>Саше Ивановски |
| 3. | П4 436/14 | Јованка С.Панева | Драган Павловиќ Латас *против*<br>Саше Ивановски и Мактел |
| 4. | П4 738/14 | Јованка С.Панева | Ивона Талевска *против*<br>Фокус, Јадранка Костова и Мери Јордановска |
| 5. | П4 671/14 | Јованка С.Панева | Ивона Талевска *против*<br>Член 16 и Бранко Геровски |
| 6. | П4 266/13 | Нухи Рустеми | Драган Павлович Латас *против*<br>Саше Ивановски |
| 7. | П4 673/14 | Нухи Рустеми | Драган Павловиќ Латас *против*<br>Пролиберти и Ацо Кабранов |
| 8. | П4 282/14 | Нухи Рустеми | Драган Павловиќ Латас *против*<br>Пролиберти и Ацо Кабранов |
| 9. | П4 669/14 | Нухи Рустеми | Ивона Талевска *против*<br>Бранко Геровски, СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, Мими П. Шушлеска |
| 10. | П4 733/14 | Весна Калковска | Драган Павловиќ Латас *против*<br>Фокус, Јадранка Костова и Мери Јораданоска |
| 11. | П4 681/14 | Весна Калковска | Драган Павловиќ Латас *против*<br>Бранко Геровски, СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје и Мими П. Шушлеска |
| 12. | П4 688/14 | Весна Калковска | Ивона Талевска *против*<br>Пролиберти и Ацо Кабранов |

НВО ИНФОЦЕНТАР

АНЕКС 2

# МОНИТОРИНГ НА МЕДИУМИТЕ ЗА ЗАКОНОТ И СЛУЧАИТЕ ЗА НАВРЕДА И КЛЕВЕТА ПРОТИВ НОВИНАРИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

(ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2014)

ПОДГОТВИЛЕ:
ЕЛЕНА СИМОНОСКА
БИЛЈАНА БЕЈКОВА

СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2014

# ВОВЕД

НВО Инфоцентарот, во рамките на Програмата на УСАИД за јакнење на независните медиуми и Проектот за одговорни медиуми и законодавни реформи во медиумската сфера кој го спроведува Центарот за развој на медиуми, реализира постојан мониторинг и анализа на јавната дебата во медиумите.

Оваа анализа ја опфаќа примената на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, како и случаите за навреда и клевета во кои се вклучени новинари и медиуми.

Во мониторингот се вклучени 16 традиционални и нови медиуми - весници: Утрински весник, Нова Македонија, Дневник, Слободен печат и Вечер; неделници:Фокус; телевизии (централни информативни емисии): Канал 5, Сител,Телма, МРТ1 и 24 Вести, и портали:А1.он, Курир, Република, Плусинфо и НоваТВ.

Предмет на анализа се новинарските текстови и прилози, колумните, фотографиите и другите илустрации поврзани со написите и со темите вклучени во мониторингот.

# КВАНТИТАТИВЕН ПРЕСЕК

Во периодот од 18 октомври до 26 декември 2014 година, во мониторираните медиуми се регистрирани вкупно 297 новинарски написи и прилози. Од нив дури 32, односно 10,77% се посветени на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, како и на случаите за навреда и клевета во кои се вклучени новинари и медиуми.

# БРОЈ НА ПРИЛОЗИ ПО МЕДИУМ:




# ПРОЦЕНТУАЛНА ПОДЕЛБА НА ПРИЛОЗИТЕ ПО МЕДИУМ:



# КВАЛИТАТИВЕН ПРЕСЕК

## ЈАВНА ДЕБАТА ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА ЗАКОНОТ ВРЗ СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

Повеќето од објавените прилози се осврт на два јавни настани во чиј фокус беше примената на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Центарот за развој не медиуми во рамките на проектот на УСАИД за одговорни медиуми и законодавни реформи во медиумската сфера, на 7 ноември 2014 година, организираше дебата: „Навредата и клеветата – јамка за слободата на изразување", на која беа презентирани резултатите од набљудувањето судските постапки против новинарите и медиумите, поведени според Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Поголемиот дел од критичките медиуми информираа за настанот, додека провладините медиуми целосно го игнорираа и не објавија ниту еден новинарски прилог. И овој пат, во новинарските извештаи акцентот беше ставен врз двојниот аршин во постапувањето на судиите во случаите кога се инволвирани државни функционери и политичари.

*„Малку правосилни пресуди - голема заштита на функционерите. Судиите продолжуваат со двојни аршини во пресудувањето и во повисокиот Апелациски суд. Во случаите кога како една од странките ќе се појави државен функционер, односно политичар, видливо е дека судот поинтно постапува, но и она што загрижува, пресудува спротивно на практиката на Стразбур."* (Утрински весник, 08.11.2014)

*„Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета оди во прилог на функционерите, а затоа говорат и последните правосилни пресуди во кој за виновни се прогласени новинари, велат анализите на Центарот за развој на медиуми и УСАИД во последниот тримесечен извештај околу примената на овој закон. Во извештајот се заклучува дека судиите постапуваат по двојни аршини, неосновано ги заштитуваат функционерите и не ја почитуваат Европската конвенција и праксата на Судот во Стразбур, со што сериозно се нарушува слободата на изразување во Македонија."* (Телма, 07.11.2014)

Навредата и клеветата се појавија како тема и во извештаите за регионалната Конференција за праксата на Европскиот суд за човековите права, во организација на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", во соработка со Советот на Европа, која се одржа во Скопје, на 5 и 6 декември 2014 година. Темата беше покриена главно преку изјави на претставници од домашната и од меѓународната експертска јавност.

*„Судијката Мирјана Лазарова Трајковска, вели дека причината за тоа е недоволното користење на сите расположливи правни лекови од страна на адвокатите. Споредувајќи ги искуствата и претставниците од другите земји оценуваат дека скоро секаде во регионот постои проблем со правото на изразување и говорот на омраза. Претставничката од Турција Исил Каракаш која исто така е судијка во судот во Стразбур вели дека и покрај бројните реформи во судството во Турција прашањето за слободата на говор треба дополнително да се разгледува и доразработува. Ситуацијата со слободата на изразување во Македонија*

*негативно беше оценета и во Извештајот на ЕК. Во заклучокот се наведуваше дека главните медиуми во земјава се соочуваат со недостиг на објективни информации."* (ТВ 24 вести, 05.12.2014)

Објавувањето на извештајот на Центарот за развој на медиуми (ЦРМ), на 25 декември 2014, во кој е презентирана анализата на речиси двегодишното набљудување на спроведувањето на Законот, предизвика вообичаен медиумски интерес, главно кај критичките медиуми.

## СЛУЧАИ ЗА НАВРЕДА И КЛЕВЕТА ПРОТИВ НОВИНАРИ И МЕДИУМИ

Слободен печат беше единствениот медиум кој објави вест за судскиот случај против новинарите Ѕвездан Георгиевски и Ристо Поповски. Ниту еден друг медиум не ја проследи оваа информација.

*„Судијката Весна Калковска од Основниот суд Скопје 2 вчера ја отфрли како неоснована тужбата против новинарите Ѕвездан Георгиевски и Ристо Поповски, што против нив ја поднесоа компанијата "Сеавус" и агенцијата "Макфакс" за нарушување на угледот."* (Слободен печат, 05.12.2014)

За разлика од овој случај, епилогот на случајот Мијалков - Фокус, беше пренесен од речиси сите набљудувани медиуми. По одлуката на Апелациониот суд да ја потврди првостепената пресуда, уредничката на Фокус, Јадранка Костова и новинарот Владо Апостолов, му исплатија на директорот на Управата за безбедност и контраразузнавање, Сашо Мијалков, заедно со судските трошоци, вкупна сума од 9.300 евра. Мијалков, како што претходно најави, добиените средства ги донираше во хуманитарни цели.

*„Директорот на Управата за државна безбедност и контраразузнавање, Сашо Мијалков, ги донираше парите, кои со пресуда за клевета му ги исплати неделникот „Фокус", на скопскиот Дом за деца без родители „11 Октомври". Од јавната установа „11 октомври" потврдија дека на нивната банкарска сметка ги примиле парите и тие во име на сите деца згрижени во Домот се заблагодаруваат на хуманоста. Донирани се сите пари, кои се платени како оштета во судски процес во кој Сашо Мијалков го тужеше неделникот „Фокус" за навреда и за клевета, односно нешто повеќе од 6.000 евра."* (Република, 19.11.2014)

# ЗАКЛУЧОК

Генерално, во набљудуваниот период, мал број медиумски прилози и написи се занимаваат со примената и влијанието на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, или пак со тековните судски случаи. Медиумите кои продуцираат прилози на оваа тема, повеќето критички медиуми, во форма на извештаи пренесуваат изјави и ставови на релевантни личности и институции, а многу малку или воопшто не објавуваат прилози кои имаат аналитичка содржина. Провладините медиуми ретко информираат за случаите за навреда и клевета, и спорадично објавуваат информации само кога тие се однесуваат на државните функционери.